ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа

# PROTECT

## ТЕХНИЧКО УПАТСТВО ЗА ФИЗИЧКА ЗАШТИТА НА КРИТИЧНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ОД ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ

Соопштение, 2025

Критичната инфраструктура обезбедува основни услуги што го овозможуваат секојдневното функционирање низ целата област на ОБСЕ – од вода за пиење, енергија и електрична енергија, до транспорт и банкарски услуги. Имајќи ја предвид нивната централна улога во општеството, местата на критична инфраструктура историски биле, и сè уште се, цел на насилни екстремистички и терористички организации. Ова беше препознаено и од страна на земјите учеснички на ОБСЕ, кои, во Консолидираната рамка на ОБСЕ за борба против тероризмот од 2012 година, ја повикаа Организацијата да спроведува активности за унапредување на соработката и градење на капацитетите за да се „подобри безбедноста на меѓународниот транспорт и на другата критична инфраструктура”.[1]

Справувањето со оваа континуирана закана која постојано се менува е причината поради која проектот ПРОТЕКТ на ОБСЕ го изготви *Техничкото упатство за физичка заштита на критичната инфраструктура од терористички напади.* Ова *Техничко упатство* претставува консолидација на искуствата и експертизата од целиот простор на ОБСЕ и пошироко.

**Целта на ова Техничко упатство е да им помогне на земјите учеснички на ОБСЕ и на сопствениците/ операторите со критичната инфраструктура да се соочат директно со растечката терористичка закана и да ја унапредат физичката безбедност на местата на нивната критична инфраструктура. Упатството обезбедува структурирани насоки за практиките, начелата и аспектите што може да ја засилат физичката безбедност на постојаните локации и објекти на критичната инфраструктура, со цел да се обезбеди спречување, подобра подготовка и ублажување на терористичките напади.**

### КАДЕ МОЖАМ ДА ГО НАЈДАМ УПАТСТВОТО?

За да пристапите до Упатството на англиски и руски јазик, посетете ја веб-страницата www.osce.org/project/PROTECT или скенирајте го овој QR код. Печатени примероци се достапни за заинтересираните страни на барање.

1 Одлука на постојаниот Совет на ОБСЕ бр. 1063 Консолидирана рамка на ОБСЕ за поддршка на борбата против тероризмот.

## ЗОШТО Е ПОТРЕБНО ОВА УПАТСТВО?

Со исклучок на строго регулираните сектори на критичната инфраструктура, многу земји учеснички на ОБСЕ немаат детални насоки за физичките безбедносни мерки што треба да се спроведат на ниво на самата локација. Најчесто постои сложена збирка на практики, начела и необврзувачки насоки, кои владите, сопствениците/ операторите на критичната инфраструктура и оние кои се одговорни за безбедноста на објектите од критична инфраструктура (вклучително и приватните безбедносни служби) мора темелно да ги проверат и да ги анализираат за да обезбедат ефективна физичка заштита на локациите и објектите под нивна надлежност.

Наместо да пропише единствен пристап кон физичката безбедност, ова Упатство претставува низа на јавно достапни практики што ги одразуваат разновидните пристапи кои моментално постојат. Поголемиот дел од практиките наведени во ова Упатство се од земјите учеснички на ОБСЕ, при што се истакнува огромното знаење и искуство кое го има членството на ОБСЕ.

## ЗА КОГО Е НАМЕНЕТО ОВА УПАТСТВО?

За ефективната физичка заштита на објектите од критичната инфраструктура е потребна поддршка и посветеност од страна на различни засегнати страни:

- **Високи креатори на политики од владата и високи претставници од сопствениците/ операторите со критичната инфраструктура:** Иако не се директни спроведувачи на мерките за физичка заштита на локациите на критичната инфраструктура, креаторите на политики обезбедуваат правна и стратешка рамка врз која се гради ефективната физичка заштита. Поглавја кои можат да бидат особено корисни за оваа цел се: Поглавје 2 за Стратешки и правни рамки за заштита на критичната инфраструктура, Поглавје 3 за Аспекти за човековите права и Поглавје 4 за Јавно-приватни партнерства.
- **Технички експерти со одговорност за физичка безбедност:** Упатството нуди основна стратешка рамка за мисиите поврзани со физичката безбедност во Поглавјата од 1 до 3. Поглавјата од 5 до 10 содржат детални описи на реални политики, студии на случај и практики што ја зајакнуваат физичката заштита на различни видови локации на критичната инфраструктура.

## ШТО СОДРЖИ УПАТСТВОТО?




1. Вовед
2. Стратешки и правни рамки за заштита на критичната инфраструктура
3. Аспекти за човековите права
4. Јавно-приватни партнерства
5. Проценка на закана и ризик од тероризам
6. Мерки за физичка безбедност
7. Планирање на безбедноста и зајакнување на целите
8. Управување со внатрешни закани
9. Обука и вежби
10. Подобрени опции при ескалација на закани

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Доколку сакате повеќе да се информирате за ова *Техничко упатство* или за проектот ПРОТЕКТ, контактирајте го Одделението за борба против тероризам при Секретаријатот на ОБСЕ – Оддел за транснационални закани, на следната е-маил адреса: atu@osce.org

## ФИНАНСИРАНО ОД

Проектот ПРОТЕКТ е финансиран од Бирото за контратероризам на Соединетите Американски Држави и од Сојузна Република Германија.